PROJECT FACTSHEET

Funded by the European Union

**Трансформирање на јавните установи за обезбедување социјални услуги во заедницата**



**Duration:** 15.09.2025 - 15.09.2027

**Countries:**
North Macedonia

**EU contribution:** € 511 000

**Total budget:** € 511 000

**Implementer:**
NTU International A/S Consortium

**Project description:**

Проектот има за цел да ја поддржи Владата на Република Северна Македонија, преку Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), во унапредувањето на националната реформа на системот за социјална заштита.
Главниот фокус на проектот е промовирање на процесот на деинституционализација, односно премин од модел на големи установи за сместување кон систем на инклузивни социјални услуги во заедницата, наменети за деца, лица со попреченост и постари лица.
Понатаму, проектот има за цел да ја зајакне институционалната и административната способност на јавната администрација за управување и спроведување инвестиции финансирани од Европската Унија во социјалниот сектор.
Во рамките на проектот ќе се обезбеди техничка помош за трансформација и рехабилитација на трите клучни јавни установи: „Бања Банско“ во Струмица, Специјалниот завод „Демир Капија“ и Заводот „25 Мај“ – Скопје, со цел нивна пренамена во современи центри за испорака на услуги во заедницата кои ќе понудат широк спектар на инклузивни услуги прилагодени на локалните потреби.
Дополнително, оваа иницијатива ќе обезбеди техничка и административна подготовка за активностите за рехабилитација предвидени во рамките на Повеќегодишната оперативна програма за човечки капитал (2024–2027), финансирана од Европската Унија, и ќе постави темели за идни инвестициони иницијативи во

**Expected results:**

Проектот ќе се спроведе во пет клучни фази, со фокус на подобрување и трансформација на трите јавни установи за социјална заштита: „Бања Банско“ во Струмица, Специјалниот завод „Демир Капија“ и „25 Мај“ – Скопје во современи центри за испорака на услуги во заедницата.
Фаза 1 – Проценка на потребите
Експертите ќе спроведат детална анализа за идентификување на специфичните потреби на секоја установа, со цел подобрување на условите и проширување на спектарот на услуги што ги нудат.
Фаза 2 – Дизајнирање на идните решенија
Ќе се изготват концептуални решенија и препораки за тоа како секоја установа ќе се реновира и ќе се прилагоди за обезбедување современи социјални услуги во заедницата.
Фаза 3 – Подготовка за градежни активности
Ќе се подготват детални технички проекти и ќе се обезбедат сите потребни дозволи за изведба на градежните активности на трите локации.
Фаза 4 – Започнување на работите
Ќе се изготви тендерска документација и ќе се спроведат постапки за избор на изведувачи за рехабилитација и трансформација на установите.
Фаза 5 – Обезбедување одржливост